Врз основа на член 24-б став (20) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 и 78/25), министерката за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА НАГРАДА НА ТАЛЕНТИРАН И НАДАРЕН УЧЕНИК ОД ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ, КОЈ УЧЕСТВУВАЛ НА МЕЃУНАРОДНА ОЛИМПИЈАДА ИЛИ НАТПРЕВАР ОРГАНИЗИРАНИ ЗА УЧЕНИЦИ ОД СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОСВОИЛ ПРВА, ВТОРА ИЛИ ТРЕТА НАГРАДА ИЛИ ЗЛАТЕН, СРЕБРЕН, ОДНОСНО БРОНЗЕН МЕДАЛ НА МЕЃУНАРОДНИ ОЛИМПИЈАДИ ИЛИ НАТПРЕВАРИ, КАКО И УЧЕСТВУВАЛ И ОСВОИЛ ПРВО МЕСТО НА НАТПРЕВАР НА ДРЖАВНО НИВО ЗА УЧЕНИЦИ ОД СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

## Член 1

Со овој правилник се уредува начинот за доделување на еднократна награда на талентиран и надарен ученик од основно образование, кој учествувал на меѓународна олимпијада или натпревар организирани за ученици од средно образование и освоил прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународни олимпијади или натпревари, како и учествувал и освоил прво место на натпревар на државно ниво за ученици од средно образование.

## Член 2

Под меѓународна олимпијада или меѓународен натпревар од членот 1 од овој правилник, се подразбира олимпијада, односно натпревар на кој учествуваат ученици од најмалку десет различни држави, на кој се споредуваат знаењата помеѓу учениците од различните држави и се врши рангирање на најдобрите ученици од сите земји кои учествуваат.

## Член 3

Еднократната награда се доделува во висина од просечна нето-плата исплатена по работник во Република Северна Македонија во претходната година пред доделувањето на паричната награда.

За меѓународни натпревари кои се спроведуваат по електронски пат на далечина, Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) не доделува парична награда од ставот 1 на овој член.

**Член 4**

Право на еднократна награда од членот 3 став 1 од овој правилник, има талентиран и надарен ученик од основно образование кој учествувал на меѓународна олимпијада или натпревар организирани за ученици од средно образование и освоил прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународни олимпијади или натпревари, како и учествувал и освоил прво место на натпревар на државно ниво за ученици од средно образование.

**Член 5**

За доделување на еднократната награда од членот 3 став 1 од овој правилник, Министерството објавува јавен повик, кој трае до 31 декември во тековната година кога е организаран натпреварот.

Во повикот се наведуваат и потребните документи за пријавување на повикот.

**Член 6**

Повикот од членот 5 од овој правилник, се објавува на интернет страницата на Министерството.

Ученикот кој се пријавува на повикот треба да пополни електронска пријава на порталот http://e-uslugi.mon.gov.mk со која во прилог се внесуваат и потребни документи наведени во член 7 од овој правилник.

**Член 7**

Потребни документи кои се внесуваат со пријавата од членот 6 став 2 од овој правилник, се:

- потврда за ученикот дека е редовен ученик во основно училиште;
- диплома за освоена прва, втора или трета награда на меѓународна олимпијада или натпревар организирани за ученици од средно образование или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународна олимпијада или натпревар организирани за ученици од средно образование, како и за освоено прво место на натпревар на државно ниво за ученици од средно образование;
- копија од трансакциска сметка на име на ученикот;
- изјава за согласност за обработка на лични податоци потпишана со цело име и презиме од родителот, односно старателот на ученикот.

**Член 8**

Пријавата од членот 6 и документите од членот 7 од овој правилник, ги разгледува комисија формирана од министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот), која е составена од пет члена, од кои тројца се претставници од редот на вработените во Министерството и двајца претставници од редот на вработените во Бирото за развој на образованието. Еден член од комисијата е претседател, кој го назначува министерот.

Комисијата од ставот 1 на овој член, ги разгледува пријавата и документите во рок од 30 дена од денот на електронското пријавување.

Комисијата изготвува извештај со предлог листа на ученици на кои ќе им се додели еднократна награда утврдена со членот 3 став 1 од овој правилник.

Министерот врз основа на извештајот од ставот 3 на овој член, донесува решение за исплата на еднократната награда на ученикот, односно решение за одбивање на барањето за исплата на еднократната награда на ученикот, во рок од 15 дена од денот на добивање на извештајот од став 3 на овој член.

**Член 9**

Еднократната награда за ученикот се исплаќа на трансакциската сметка на ученикот, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на решението за исплата од член 8 став 4 од овој правилник.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр. 18-9669/1 Министерка за образование и наука,

07.07. 2025 година проф. д-р Весна Јаневска, с.р